# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЕКОНОМСКА ТЕОРИЈА НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлуката бр.1702-169/7 од 9 јули 2014 година, донесена на 81. седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет, одржана на 8 јули 2014 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно - научната област *економска теорија* на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор е објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха” на 25 јуни 2014 година и во предвидениот рок се пријавил кандидатот д-р Дарко Лазаров, асистент на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Економски факултет да му го поднесеме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

***Биографски податоци***

**Д-р Дарко Лазаров** роден на 8 април 1984 година во Штип. Основното и средното - гимназиско образование завршува во родниот град. Во учебната 2002/2003 година се запишува на Економски факултет на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и дипломира во 2007 година, со просечен успех од 8.57. Во академската 2007/2008 г. се запишува на постдипломски студии на Економски институт во Скопје, на насоката Меѓународна економија и истите ги завршува со просечен успех од 9.71. Во 2009 година со одбрана на магистерскиот труд „Сиромаштија, нееднаквост и квалитет на живот во Република Македонија“, се стекнува со звањето магистер по економски науки. Во 2011 година се запишува на докторски студии на Економски факултет во Белград, за подоцна да ја пријави својата докторска дисертација под наслов „Анализа на детерминантите на динамиката на македонската економија во контекст на институционалната економија и новата теорија на раст” на Економски факултет во Скопје, под менторство на академик Гоце Петрески. Со успешната јавна одбрана на 13 јуни 2014 година се стекнува со звањето доктор по економски науки.

Во 2007 година, Дарко Лазаров се вработува како помлад асистент во областа економска теорија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Во 2010 година тој е избран за асистент, а потоа во 2013 година е реизбран во истата област.

Во текот на својата научна и професионална кариера, тој остварил опсег на научни и истражувачки активности, објавил трудови во земјава и во странство, учествувал на меѓународни научни и стручни конференции и реализира неколку меѓународни престои на реномирани универзитети во Европа.

***Кандидатот д-р Дарко Лазаров ги исполнува утврдените законски услови за избор во звање доцент:***

1. Доктор на економски науки од научната област економска теорија;
2. Остварен просечен успех на прв циклус на студии од 8.57 и остварен просечен успех на втор циклус студии од 9.71;
3. Објавени најмалку четири научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации. (*Трудовите со реден број 1, 2, 3, 4 и 6 во табелата се меѓународни публикации. Трудот со реден број 5 е објавен во меѓународно списание.)*

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание или меѓународна публикација | Година на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Petreski, Goce and **Lazarov, Darko** | The impact of the global economic crisis in South-Eastern European countries | Systemic economic crisis: Current issues and perspectives, Research monograph. ISBN:978-608-212-040-9 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/10197 | |
| 2 | Josheski, Dushko and **Lazarov, Darko** | Writings in Applied Economics - Part I, Theories and models | LAP Lambert Academic Publishing Gmb & Co.KG Heinrich, pp.1-121. ISBN 978-38484-3237-0 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/1068 | |
| 3 | Josheski, Dushko and **Lazarov, Darko** and Dimitrov, Nikola | Writings in Applied Economics - Part II, Theories and models | LAP Lambert Academic Publiching, pp. 1-149. ISBN 978-3-659-25941-8 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/1061 | |
| 4 | Josheski, Dushko and **Lazarov, Darko** | Social security wealth system effect on final consumption: Overlapping generations models analysis for a panel of countries | LAP Lambert Academic Publishing. ISBN 978-3-659-50583-6 http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/8343 | |
| 5 | Josheski, Dushko and **Lazarov, Darko** | Nominal effective exchange rate neutrality: the case of Macedonia | CEA Journal of Economics, 7 (1). pp. 17-23. ISSN 1857-5269 http://eprints.ugd.edu.mk/10663 | 2006 |
| 6 | Trajko, Slaveski and **Darko, Lazarov** | How do institutions determine economic growth? Evidence from the CEE region before and during the global economic crisis. | International Conference on Eurasian Economies – Skopje. Proceedings book. pp. 43-51. Beykent University – Turkey http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/10199 | |

***Наставно - образовна и научноистражувачка дејност***

Кандидатот д-р Дарко Лазаров бил избран како помлад асистент во областа економска теорија на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип на 2 јули 2007 година. Во 2010 година бил избран како асистент во областа економска теорија, а во 2013 година бил реизбран како асистент во истата област. Во изминатиот период, д-р Дарко Лазаров успешно ги реализирал сите наставно-образовни активности (настава и вежби) по следните наставни дисциплини: Основи на економија, Макроекономија, Микроекономија, Економија на развој, Јавни финансии и Економија на јавен сектор. Предметните дисциплини се содржани во студиските програми на Економскиот факултет во наставните центри во Штип, Струмица, Кочани, Скопје и Радовиш.

За потребите на наставата на Економскиот факултет, д-р Дарко Лазаров има издадено рецензирана скрипта и практикум во областа економска теорија.

Кандидатот д-р Дарко Лазаров како автор и коавтор има објавено голем број научни трудови во домашни и меѓународни списанија и публикации, и истовремено има учествувано на домашни и меѓународни научни и стручни конференции. Тој, има реализирано три

меѓународни студиски престои, и тоа: 1) The University of Bologna, School of Political Science "Roberto Ruffilli" Postgraduate CEI International Summer School: Economic transition, Enlargement processes and Globalization, 2008; 2) National Research University, Higher School of Economics Moscow, Russian Federation, Russian Summer School on Institutional Analysis, 2013; и 3) James I University,Faculty of economics De la Plane Castellon, Spain, ERASMUS mobility program for Professor, 2014.

**Евалуација на рецензирана скрипта:**

**1. Лазаров, Дарко**: Теорија на економски раст: основни модели, концепти и пристапи.

Трудот содржински е систематизиран во четири поглавја. Првото поглавје – Неокласична теорија на раст ги елаборира моделот на R.Solow без и со технолошки прогрес, со цел да биде анализирана механиката на растот. Дополнително во рамките на овој дел е модифициран класичниот моделот на Solow во услови на отворена економија со цел да се анализираат ефектите од отворањето на капиталната сметка. Второто поглавје – Теорија на оптимален раст подразбира модификација на моделот на R.Solow без технолошки прогрес и со технолошки прогрес преку пристапот на оптимален раст. Главната идеја во моделирањето на оптималниот раст е да се анализираат факторите кои го детерминираат процесот на максимизација на користа т.е. богатството на домаќинствата. Третото поглавје – Нова теорија на раст го ендогенизира технолошкиот прогрес објаснувајќи ги силите што го одржуваат долгорочниот економски раст во рамките на самиот модел. Во ова поглавје се објаснети трите механизмипреку кои се обезбедува ендоген долгорочен економски раст. Првиот механизам ја потенцира улогата на иновациите и креирањето нови идеи, како мотор на економскиот раст, преку ендогено детерминиран технолошки прогрес (модел на Romer, модел на Aghion и Howitt, модел на Grossman и Helpman). Вториот механизам го овозможува растот преку акумулацијата на човечки капитал како ендогено детерминирана движечка сила на долгорочниот раст (модел на Lucas). Третиот механизам на ендоген раст се заснова на едноставно напуштање на една од стандардните претпоставки на неокласичната теорија на раст која се однесува на опаѓачкиот принос на капиталот. Четвртото поглавје – Пристап на дијагноза на раст и HRV модел на раст се однесува на теоретскиот пристап на дијагноза на растот и HRV моделот на раст.

Концептуално и методолошки темите разработени во трудот се сместени во рамките на новата теорија на раст, збир релевантни идеи и концепти кои ги маркираат доминантните теориски пробиви во централната струја од еволуцијата на теоријата на економскиот раст, и пошироко, во целината на економската наука, во последниве децении.

**Евалуација на рецензиран практикум:**

**2. Лазаров, Дарко**: Теорија на економски раст: основни модели, концепти и пристапи (сметководство и економетрија на растот)

Содржински трудот е конципиран во два посебни дела, кои покриваат неколку тематски единици од наставната програма. Првиот дел се однесува на Сметководството на растот. Сметководството на растот како емпириска техника во анализата на растот овозможува идентификација на изворите на економскиот раст. Декомпозицијата на стапката на економски раст нуди можност да се идентификува придонесот на одделните фактори на производство, елементите на агрегатната побарувачка и поединечните сектори во детерминирање на стапката на растот. Примената на овој пристап може да биде од производствен, потрошувачки или секторски аспект. Оваа техника дава јасна слика за тоа кои производни фактори, елементи на побарувачката и кои сектори имаат најголемо влијание и придонес во генерирањето економскиот раст. Вториот дел се однесува на економетријата на растот како значајна емпириска техника на растот. Економетријата на растот го квантифицира степенот на влијание на одделните фактори што го определуваат економскиот раст.

Во рамките на економетријата на растот е тестиран класичниот модел на раст проширен со човечки капитал т.е. моделот на Mankiw, Romer и Weil. Ова практично економетриско истражување има за цел да ги анализира фундаменталните фактори кои го детерминираат економскиот раст т.е. да ги објасни причините за прилично големитедискрепанции во

стапките на раст што ги бележат земјите. Дополнително, во рамките на емпириската анализа се идентификувани причините за разликите во доходот per capita меѓу најбогатите и најсиромашните земји во светот.

Според емпирискиот корпус техники и методи елаборирани во рамките на практикумот и нивната исклучителна корисност во анализа на факторите на растот, примената врз македонската економија цел декомпозиција на стапката на економси раст и идентификување на изворите на растот на македонската економија, овој практикум претставува значителен придонес за академијата во проучување на природата и суштината на растот на земјата.

**Евалуација на трудови со оригинални научни резултати објавени во меѓународни списанија:**

Josheski, Dushko and **Lazarov, Darko** (2012): *International trade and Economic growth: cross-country evidence.* GRP International Journal of Business and Economics, 1 (2). pp. 85-95. ISSN 2048-8556

Предмет на трудот е емпириска анализа на улогата и важноста на трговијата за економскиот раст преку примена на OLS регресиона анализа со користење на cross-country податоци за 208 земји. Резултатите од истражувањето покажуваат: 1) стапката на трговија (збирот на извозот и увозот по тековни цени т.е. тековна отвореност на земјата) како процент од БДП има позитивна и статистички значајна корелација со стапката на економски раст; 2) премиите на црниот пазар како апроксимативна варијабла за небалансираност на макроекономските политики има негативен ефект за растот; 3) со вклучување на макроекономските политики како контролна варијабла, отвореноста сè уште има позитивна и сигнификантна корелација со економскиот раст и 4) вклучувањето на институциите како фундаментален фактор на растот, статистички ја намалува силината на врската помеѓу трговијата и растот.

Трудот е објавен во меѓународното списание: GRP International Journal of Business and Economics, 1 (2). pp. 85-95. ISSN 2048-8556, во 2012 година.

Josheski, Dushko and **Lazarov, Darko** (2012): *Exchange rate volatility and trade: A Meta-Regression Analysis.* GRP International Journal of Business and Economics, 1 (1). pp. 23-49. ISSN 2048-8556

Овој труд се обидува преку емпириска студија да одговори на прашањето дали трговијата е детерминирана од волотилноста (нестабилноста) на девизниот курс. Конвенционално е сознанието дека нестабилноста на девизниот курс влијае позитивно на растот на надворешната трговија. Истражувањето во трудот користи мета регресија базирана на MRA креирана од Pugh и Coric креирана во 2008 година која вклучува 10 студии и 100 опсервации. Во просек, варијабилноста на девизниот курс влијае негативно врз меѓународната трговија. Генералниот заклучок е дека во литературата за девизниот курс и трговијата постои очигледен емпириски ефект, а не пристрасност во резултатите.

Трудот е објавен во меѓународното списание: GRP International Journal of Business and Economics, 1 (2). pp. 85-95. ISSN 2048-8556, во 2012 година.

Josheski, Dushko and **Lazarov, Darko** (2012): *Nominal effective exchange rate neutrality: the case of Macedonia.* CEA Journal of Economics, 7 (1). pp. 17-23. ISSN 1857-5269

Предмет на трудот е тестирање на хипотезата за неутралност на номиналниот ефективен девизен курс, со примена на студија на случај за Република Македонија. За таа цел, во рамките на емпириското истражување користени се податоци за номиналниот ефективен девизен курс кои се однесуваат на Република Македонија во периодот 1992-2009 година, заедно со шест контролни варијабли. Во рамките на трудот се користени две методолошки техники: SVAR моделот и Impulse response функцијата со цел емпириски да се тестира клучната хипотеза во истражувањето.

Трудот е објавен во меѓународното списание: CEA Journal of Economics, 7 (1). pp. 17-23. ISSN 1857-5269, во 2012 година.

Josheski, Dushko and **Lazarov, Darko** (2012): *New Keynesian Macroeconomics: Empirically Tested in the Case of Republic of Macedonia.* Macroeconomics: Aggregative Models eJournal, 5.

Во трудот авторите ја тестираат новата Кејнзијанска претпоставка за заемниот однос помеѓу инфлацијата и невработеноста со примена на Новата Кејзнијанска Филипсова крива и претпоставката за не-неутралноста на парите. Заклучокот кој произлегува од проценетите резултати на емпириското истражување е дека постои доказите и тврдењата на новата Кејзијанска теорија се прилично ограничени. Паричната маса и растот се коинтегрирани серии укажувајќи дека тие се урамнотежени помеѓу себе на долг рок. Естимирањето и оценката т.н St. Louis модел на македонската економија што е направено во рамките на трудот укажува дека ефектот на паричната маса во Република Македонија во анализираниот период ефектот е најпрво позитивен, но по четвртиот квартал станува неутрален, што е спротивно на новата Кејзијанска теорија. Дополнително, во рамките на трудот авторите прават напор за пресметка на природната стапка на невработеност преку примена на економетриски модел базиран на новата Кејнзијанска Филипсова крива, приспособената Филипсова крива од страна на Modigliani-Papademos и Friedman-Phelps-Lucas крива базирана на очекувања.

Трудот е објавен во е-меѓународно списание: Macroeconomics: Aggregative Models eJournal, Vol.5 Issue (50)

Josheski, Dushko **Lazarov, Darko** and Koteski, Cane (2011) *Macroeconomic analysis of trade in some CEE countries.* International Trade eJournal, 3 (135).

Фокусот на трудот е макроекономска анализа на трговијата и другите релевантни детерминанти на економскиот раст, како: нето владиниот долг, девизниот курс, каматната стапка. Целта на трудот е теоретска и емпириска анализа на макроекономските перформанси како фактор на економскиот раст. Резултатите од емпириската анализа покажуваат позитивна и статистички значајна корелација помеѓу отвореноста на земјата и економскиот раст, но негативна корелација на каматната стапка и нето владиниот долг во однос на економскиот раст, за група на земјите од Централна и Источна Европа.

Трудот е објавен во е-меѓународно списание: International Trade eJournal, Vol.3 Issue (135)

Josheski, Dushko and **Lazarov, Darko** and Fotov, Risto and Koteski, Cane (2012): *Causal relationship between wages and prices in UK: VECM analysis and Granger causality testing.* ECONOMETRICS: APPLIED ECONOMETRIC MODELING IN MICROECONOMICS eJOURNAL, Vol 2 Issue (17).

Предмет на трудот е испитување на каузалноста помеѓу платите и цените во Велика Британија. OLS корелацијата помеѓу платите и цените е позитивна, додека продуктивноста на е сигнификатна во детерминирањето на платите и цените. Овие варијабли се стационарни на прво заостанување, со исклучок на CPI варијаблата која е стационарна на второ заостанување. Естимираните резултати од VECM моделот покажуваат дека пораст на платите за 1% ќе предизвик пораст на цените за 5.24%. Granger - тестот за каузалност покажува дека единствено реалните наемнини влијаат врз индексот на потрошувачки цени, што укажува на едно насочна врска помеѓу овие варијабли.

Трудот е објавен во е-меѓународно списание: Econometrics: Applied econometric modelling in Microeconomics eJournal, Vol.2 Issue (17)

Josheski, Dushko and **Lazarov, Darko** (2012) *Feldstein-Horioka puzzle for a panel of 14 CEE countries: Empirical evidence.* Macroeconomics: Production & Investment eJournal, 5 Issue (28).

Авторите ја анализираат Feldstein - Horioka загатката за 14 CEE земји (Албанија, Босна, Бугарија, Хрватска, Грција, Унгарија, Косово, Латвија, Литванија, Македонија, Полска, Романија, и Србија). Резултатите од економетриската анализа укажува на прилично слаба позитивна врска помеѓу штедењето и инвестициите што претставува доказ за високата мобилност на капиталот. Авторите прават дополнителна регресиона анализа за земјите кои се членки на ЕУ, што покажува дека степенот на мобилност кај тие земји е уште позначителна. Од друга страна, коефициентот на корелација помеѓу штедењето и инвестициите во групата на земји кои не се членки на ЕУ е значително повисок (0.13), што укажува дека кај овие земји има понизок степен на мобилност на капиталот. Тестовите за единичен корен укажуваат дека во овој примерок на земји штедењето е I(1) или I(2) процеси, и инвестициите се стационарни.

Трудот е објавен во е-меѓународно списание: Macroeconomics: Production & Investment Vol.5 Issue (28)

Josheski, Dushko and **Lazarov, Darko** (2011) *Labor market and natural rate of unemployment in US and Canadian time series analysis.* Labor: Supply & Demand eJournal, 3 Issue (98).

Предмет на трудот е економетриска анализа на пазарот на труд и природната стапка на невработеност преку примена на податоци на временски серии за САД и Канада за периодот од 1980 до 2000 година. Најпрво во истражувањето се направени тестови за коинтеграција и стационарност со цел да се одговори на прашањето дали постои еквилибриум Canadian labor market data are being used in this paper. These series are quarterly data from 1980 Q1 to 2000 Q4. This series are stationary by test for cointegration I(0), meaning that there exist equilibrium relationship between the time series labour productivity (prod), employment (e), unemployment rate (U), real wages (rw).This notion was definitively confirmed with VEC model. VEC model shows long run coefficient, and if the system is in disequilibrium , alteration of the variables will only be -0.003 for real wages or -0.3%, -0.001 for unemployment or -0.1%, -0.000 for productivity or -0%,and -0% for employment. This means that Canadian labour market is in equilibrium working at natural rate of unemployment and by equilibrium wages.

Трудот е објавен во е-меѓународното списание: Labor: Supply & Demand eJournal, Vol.3 Issue (98)

Josheski, Dushko and **Lazarov, Darko** and Koteski, Cane and Sovreski, Zlatko (2011) *The world energy production, consumption and productivity in the energy sector, population and the per capita growth: Regression analysis.* Munich Personal RePEc Archive (34359). p. 12. ISSN 34359 and Economic growth eJournal Vol.3 Issue(128)

Во трудот е анализирана меѓузависноста помеѓу производството на енергија, продуктивноста на енергетскиот сектор, популацијата и стапката на економски раст со примена cross-country регресиона анализа. Податоците во примерокот се однесуваат на 220 земји од сите региони во светот за период 1980-2002 година. Оценетите економетриски резултати покажуваат дека порастот на потрошувачката на енргија за 1% ќе ја намали стапката на раст за 0.57%, додека порастот на продуктивноста на енергетскиот сектор за 1% ќе предизвика пораст на стапката на економски раст за 1,32%. Статистичкото оценување покажува *дека* корелациите кои ја квантифицираат меѓузависноста помеѓу варијаблите во моделот се статистички значајни.

Трудот е објавен во меѓународната научна база: Munich Personal RePEc Archive (34359). p. 12. ISSN 34359 и Economic growth eJournal Vol.3 Issue(128)

Josheski, Dushko and **Lazarov, Darko** and Koteski, Cane and Fotov, Risto (2011) *IS-LM model for US economy: testing in JMULTI.* Munich Personal RePEc Archive (34024). p. 28. ISSN 34359 and Econometric: Single Equation Models eJournal Vol.4 Issue(74)

Во трудот е воведен класичниот IS-LM модел, како модел на временски серии. За таа цел, користени се VAR, VECM моделите на временски серии. Естимациите во рамките на истражувањето се направени со користење на три варијабли: логаритам на реалниот БДП, месечна интербанкарска каматна стапка, и монетарна база. Резултатите од VECM анализата покажуваат дека во услови кога системот не е во еквилибриум состојба, секоја промена во интербанкарските кредити, лог на реалниот БДП и монетарната маса ќе се намалат за 5,5%,4,6% и 0,4% респективно.

Трудот е објавен во меѓународната научна база: Munich Personal RePEc Archive (34024). p. 28. ISSN 34359 и во меѓународното е-списание: Econometric: Single Equation Models eJournal Vol.4 Issue(74)

**Lazarov, Darko** and Smokvarska, Marija (2013): *Analysis of the Energy Sector in Macedonia.* Sustainability & Economics eJournal, 2 (92).

Целта на овој труд е емпириска анализа на енергетскиот сектор како сегмент на инфраструктурата со посебен осврт на состојбите во Република Македонија. Направрна е детална анализа на подсистемите кои гочинат енергетскиот систем на Република Македонија. Дополнително, со корстење на компаративната анализа проучени се перформансите на електор енергетските системи на земјите во регионот. Косистени се две во апроксимативни варијабли кои ги мерат перформансите на електро енергетскиот

систем: производство на електрична енргија по глава на жител и трошоците при транспорт и дистрибуција на електрична енергија. Истовремено, анализирана е покриеноста на домашната потрошувачка со домашнио производство на електрична енергија.

Економетрискиот OLS регресионен модел тестиран во рамките на трудот покажува дека постои комплементарност помеѓу електро енергетскиот производствен капацитет и квалитетот на дистрибутивната мрежа мерена преку загубата на електрична енергија при пренос и дистрибуција. Проценетите резултати покажуваат дека порастот на производството на електрична енергија ја намалување загубата при пренос и дистрибуција.

Трудот е објавен во е-меѓународното списание: Sustainability & Economics eJournal, Vol.2 Issue (92)

Josheski, Dushko and Fotov, Risto and **Lazarov, Darko** and Koteski, Cane (2011) *Institutions and growth revisited: OLS, 2SLS, G2SLS random e□ects IV regression and panel fixed (within) IV regression with cross-country data.* Munich Personal RePEc Archive. p. 22. and New Institutional economics eJournal Vol.3 Issue (55)

Во трудот е тестирано влијанието на институциите врз економскиот раст со примена на cross-country податоци. Во рамките на истражувањето со применети повеќе економетриски техники: OLS, 2SLS, G2SLS, fixed effects панел естиматор. Тестовите за извор на најадеквататна техника (Hausman и тестот за преидентификувани варијабли) во тестирање на моделите креирани во рамките на трудот укажуваат дека OLS и fixed effects естиматорот се најадекватни техники.

Како апроксимативни варијабли за мерење на институциите е владееањ на правото, додека, како инструментални варијабли се земени револуциите и Freedom house рејтингот. Проценетите резултати покажуваат позитивна и статистички сигнификантна корелација на институциите и стапката на економски раст.

Трудот е објавен во е-меѓународното списание: Munich Personal RePEc Archive. p. 22. и New Institutional economics eJournal Vol.3 Issue (55)

Josheski, Dushko and **Lazarov, Darko** and Koteski, Cane (2011) *Cobb-Douglas production function revisited, VAR and VECM analysis and a note on Fischer/Cobb-Douglass paradox.* Economic Growth eJournal, 3 (111). p. 22.

Cobb-Douglas производната функција е базична функција во моделите на раст. Моделирањето во овој труд покажува дека VAR моделот е стационарен, додека KPSS тестот покажува дека аутпутот, капиталот и трудот не се тренд стационарни. Johansen тесот за ко-интеграција покажува дека барањето за Fischer/Cobb-Douglass парадоксот да функционира е задоволено при три заостанувања. Всушност, Fisher/Cobb-Douglas парадоксот е базиран на претпоставката за констатно факторско учество. Во контекст на анализата на временски серии, таква константност е еквивалетнта кога факторско учество е I(0). На 4 заостанувања, овие варијабли се I(1) т.е. Cobb-Douglass не е повеќе CES функција. ADF тестот за факторите на производствопокажува дека природниот логаритам на капиталот е стационарна варијабла, додекаприродниот логаритам на трудот е нестационарна, со исклучок на 10% ниво на значајност.

Трудот е објавен во е-меѓународното списание: Economic Growth eJournal, Vol.3 Issue (111). p. 22.

Josheski, Dushko and Koteski, Cane and **Lazarov, Darko** (2011) *Empirical testing of Balassa-Samuelson hypothesis with German and UK data.* Munich Personal RePEc Archive. p. 84. and International Finance eJournal Vol.3 Issue(175).

Во рамките на трудот се презентирани повеќе студии кои ја тестираат Ballasa–Samuelson хипотезата, уште позната како Harrod-BalassaSamuelson хипотеза. Всушност, оваа хипотеза ја истражува врската помеѓу продуктивност на трудот мерена преку извозната конкурентност, индексот на цени и девизниот курс. Економетриските тестови во рамките на истражувањето користат податоци за временски сетии за продуктивноста на трудот, цените на мали, индексот на потрошувачки цени и девизниот курс на Германија и Велика Британија. Користен е ко-интеграциски тестови. Резултатите од истражувањето покажуваат дека продуктивноста на трудот во Германија во однос на Велика Британија нема сигнификантно влијание во објаснување на релативните промени во цените, ниту во објаснување на релативните промени во девизните курсеви.

Трудот е објавен во меѓународната научна база: Munich Personal RePEc Archive. p. 84 и International Finance eJournal Vol.3 Issue(175).

Josheski, Dushko and Koteski, Cane and **Lazarov, Darko** (2011) *Monopolistic competition: Critical evaluation the theory of monopolistic competition with specific reference to the seminal 1977 paper by Dixit and Stiglitz.* Munich Personal RePEc Archive. p. 19. and Microeconomics: Production, Market structure & pricing eJournal Vol.3 Issue(177)

Овој труд го ревидира D-S (Dixit-Stiglitz) модел. Овој модел претставува монополистички модел со n монополистички производи, нумериран производ Труд (w=1) агрегирано за сите производи во економијата. Во моделирањето на моделот се тргува од претопставката за константна еластичност на супституција (CES). На страната на понудата, клучна претпоставка за перфектна секторска мобилност на трудот како фактор на производство. Врз основа на таквата претпоставка постои единствена стапка на наемнина и константна стапка на принос во производната функција на сите сектори. Dixit-Stiglitz моделот на монополистичка конкуренција функционира единсвено кога n е големо, при што во услови кога постои растечки приноси на обем, монополистичката конкуренција ќе резултира во поголем број на дуиференцирани производи од општествено оптималниот број.

Трудот е објавен во меѓународната научна база: Munich Personal RePEc Archive. p. 19. и во меѓународното е-списание: Microeconomics: Production, Market structure & pricing eJournal Vol.3 Issue(177)

Josheski, Dushko and **Lazarov, Darko** and Koteski, Cane (2011) *Analysis of the optimal size of the government consumption.* Munich Personal RePEc Archive. p. 18. and European Economics: Macroeconomics & Monetary economics eJournal, Vol.5 Issue (102)

Целта на трудот е анализа на оптималната големина на јавната потрошувачка за 12 OECD земји со примена на робастна OLS и панел (модел на фиксни и случајни ефекти) регресиона техника. Функционалната форма на економетрискиот модел креиран во рамките на истражувањето се обидува да ја идентификува оптималната големина на владата, при што како апроксимативна варијабла за големината на владата е земена владината потрошувачка.

Трудот е објавен во е-меѓународното списание: European Economics: Macroeconomics & Monetary economics eJournal, Vol.5 Issue (102).

**Евалуација на трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на меѓународни научни собири:**

Petreski, Goce and **Lazarov, Darko** (2013) *The impact of the global economic crisis in South-Eastern European countries.* In: Systemic economic crisis: Current issues and perspectives, Ss. Cyril and Methodius University, Faculty of Economics – Skopje and ASECU. ISBN:978-608-212-040-9

Целта на трудот е да се испита влијанието на финансиската криза во земјите од Југоисточна Европа, преку серија на економетриски тестови на голем број механизми и трансмисиони канали преку примена на Панел регресиона анализа (метод на фиксни и случајни ефекти) за група на земји до Југоисточна Европа. Резултатите од економетриската анализа покажуваат дека главни механизми и канали преку кои светската економска криза се прелеа од централниот кон периферниот дел на Европа, поточно од високо развиените кон ниско развиените земји од ЦИЕ се: дознаките од странство, банкарските кредити кон приватниот сектор, СДИ и извозот. Продлабочените анализи во трудот покажуваат дека негативниот удар на извозот беше главниот механизам на прелевање на кризата во Република Македонија, за сметка на прилично стабилното ниво на дознаките од странство, и поблагиот шок на банкарските кредити и СДИ.

Трудот е објавен во зборникот на меѓународната конференција: Systemic economic crisis: Current issues and perspectives, Ss. Cyril and Methodius University, Faculty of Economics – Skopje and (ASECU). ISBN: 978-608-212-040-9, во 2013 год.

Slaveski, Trajko and **Lazarov, Darko** (2014) *How do institutions determine economic growth? Evidence from the CEE region before and during the global economic crisis.* In: International Conference on Eurasian Economies, 1-3 July 2014, Ss. Cyril and Methodius University, Faculty of Economics - Skopje.

Целта на трудот е анализа на влијанието на институциите врз економскиот раст и нивото на приход по глава на жител во регионот на ЦИЕ, пред и за време на светската економска криза. Во емпириската анализа на трудот е користена principle component factor анализа со цел да бидат креирана порепрезентативна променлива која ќе го мери квалитетот на институциите во регресионите модели, и да се избегне проблемот на мулти-колинеарност, како честа статистички слабост за овој тип на регресиони модели. Резултатите од панел (случајни и фиксни ефекти) регресионата анализа и ГММ динамичен панел регресија води до две спротивставени резултати. Резултатите од првиот регресионен модел покажува позитивни и статистички значајна корелација помеѓу институциите и економскиот раст, што укажува дека земјите од Централна и Источна Европа кои создале силен институционален капацитет во текот на транзицијата и посттранзициониот период имаат бележат повисоки стапки на економски раст. Додека резултатите од вториот регресионен модел, кој се однесува на периодот на светската економска криза, покажува негативно влијание на институциите на економскиот раст за истата мостра земји. Едно објаснување за овој резултат може да се огледа во фактот што земјите со повисок степен на интеграција кон ЕУ, исто така, се повеќе ранливи на светската економска криза.

Трудот е презентиран и објавен во зборникот на меѓународната конференција: International Conference on Eurasian Economies, 1-3 July 2014, Ss. Cyril and Methodius University, Faculty of Economics – Skopje and Beykent University - Turkey, во 2014 години.

**Lazarov, Darko** and Fotov, Risto (2011) *Analysis the factors that determine dynamic of Macedonian economy (models of new theory of growth).* Tsenov Academic Publishing House. ISBN 978-954-23-0438-8.

Главна цел на трудот е анализа на основните фактори кои го детерминираат економскиот раст преку теоретско моделирање на растот базиран на иновациите и институции. Математичкото моделирање на теоријата на растот во рамките на трудот е во насока на објаснување на разлите во стапката на економски раст и нивото на доход per capita помеѓу земјите. Елаборираните модели во овој труд укажуваат дека земјите со повисоко ниво на R&D и посилен институционален капацитет бележат подинамичен економски раст и подобри економски перформанси на долг рок.

*Трудот е објавен во зборникот на меѓународната конференција:* Tsenov Academic Publishing House, 2011. ISBN 978-954-23-0438-8.

Nikoloski, Krume and **Lazarov, Darko** (2010) *Impact of recession on the macroeconomic variables in the Republic of Macedonia.* ISBN 978-954-21-0489-6, Science and economics, 2010, University of Varna

Во рамките на трудот прво се презентирани економските перформанси на Република Македонија преку сет на економски индикатори со цел да се направи анализа на влијанието на светската економска криза врз економските текови во земјата. Дополнително во трудот се анализирани и елаборирани сетот на мерки и политики во насока на амортизирање на негативните ефекти од кризата, како и сетот на мерки и политики преземени од креаторите на економските политики во земјите од регионот. Таквата компаративна анализа на анти-кризните мерки и политики и перформансите на земјите дава можност да се анализираат ефектите на политиките и успешноста на Владите во справување со кризата.

Трудот е објавен во зборникот на меѓународната конференција: Science and economics, 2010, University of Varna. ISBN 978-954-21-0489-6

**Lazarov, Darko** and Fotov, Risto (2012) *Economic analysis of food industry in Republic of Macedonia.* Food science, engineering and technologies - 2011, Vol.LVXX Issue(1). University of Food Technologies- Plovdiv, Bulgaria.

Трудот се состои од два дела.Првиот дел се однесува на анализа на улогата и важноста на секторот земјодели и прехранбената идустријаво македонската економија. Вториот дел претставува микроекономска анализа на прехранбената индистрија во Република Македонија. Направена е емпириска анализа на продуктивноста и конкуретноста на оваа идустрија. На крајот на студијата понудени се сет на мерки и реформи во насока на подобрување на технолошкото ниво во прозиводствените процеси и подобрување на квалитетот на работната сила ангажирана во овој сектор.

Трудот е презентиран и објавен во зборникот на меѓународната конференција "Food science, engineering and technologies" - 2011, Vol.LVXX Issue(1). University of Food Technologies- Plovdiv, Bulgaria.

**Евалуација на меѓународни книги:**

Josheski, Dushko and **Lazarov, Darko** (2013): *Social security wealth system effect on final consumption: Overlapping generations models analysis for a panel of countries*. Lambert Academic Publishing. ISBN 978-3-659-50583-6

Трудот (книга) го анализира влијанието на системот на социјално осигурување врз финалната потрошувачка, со користење на модел на преклопувачки генерации за Република Македонија и панел на земји од ЦИЕ. Главната теза на оваа истражување е дека социјалното осигурување го намалува нивото на национално штедење. Резултатите добиени од студијата покажуваат дека во сите естимирани модели социјалното осигурување ја стимулира финалната потрошувачка, на тој начин влијае деструктивно врз склоноста за штедење. Во моделите презентирани во книгата потрошувачката е функција на расположливиот доход, промената во расположливиот доход, социјалното осигурување и општественото богатство како апроксимативна варијавла за бруто капиталната акумулација.

Josheski, Dushko and **Lazarov, Darko** (2012): *Writings in Applied Economics - Part I, Theories and models*. In: Writings in Applied Economics - Part I, Theories and models. LAP Lambert Academic Publishing Gmb & Co.KG Heinrich, pp.1-121. ISBN 978-38484-3237-0

Во оваа книга авторите прават напор како истражувачи да анализираат серија на теми од применетата економија. Книгата се состои од неколку истражувања поврзани со анализа на каузалноста помеѓу платите и цените, невработеноста и пазарот на труд, теоријата на Rogof применета на македнската економија, институциите и економскиот раст и други значајни прашања.

Josheski, Dushko and **Lazarov, Darko** and Dimitrov, Nikola (2012): *Writings in Applied Economics - Part II, Theories and models*. In: Writings in Applied Economics - Part II, Theories and models. LAP Lambert Academic Publiching, pp. 1-149. ISBN 978-3-659-25941-8

Во книгата авторите презентираат серија на студии и истражувања од областа на применетата економија. Најпрво е презентирана Мета-регресија како техника со широка примена во применетата економија. Понатаму во рамките на книгата се презентирани две од шесте општопознати загатки од меѓународната макроекономија: Feldstein - Horioka загатката, и Baxter - Stockman неутралноста на режимот на девизниот курс загатката. Во третиот дел од книгата е презентирана економетриска анализа на *trade off* односот помеѓу инфлацијата и невработеноста и *trade off* односнот помеѓу паричната маса и аутпутот. На крајот од книгата е пишувано за популацијата и теоријата на растот со емпириска анализа на теориите на група земји од Западен Балкан.

**Евалуација на трудови во домашни списанија и зборници:**

Петрески, Гоце и **Лазаров, Дарко** (2012): *Емпириска анализа на детерминантите на економскиот раст и нивото на доходот во контекст на новата теорија на раст*. Прилози. Македонска академија на науки и уметности - МАНУ, ISSN 0350-1698

Истражувањето спроведено во рамките на трудот е насочено кон анализа на факторите кои го детерминираат економскиот раст и нивото на дохот (животниот стандард) во светлото на новата теорија на раст. Квалитетот и квантитетот на податоци кои ги изразуваат различните аспекти на растот и развојот, во изминатиот период бележат тенденција на континуирано подобрување. Во таа насока, таквите подобрувања создаваат можност за продлабочени емпириски истражувања на „силите" кои го движат растот, а воедно овозможува идентификување на дел од причините за различните стапки на економски раст помеѓу земјите. Истражувањето се базира на факторска анализа на неколку индикатори применети на примерок од 56 земји за временски период од 1992-2008 година, идентификувајќи на тој начин три групи на фактори: „иновациите и квалитетот на иновацискиот систем", „човечкиот капитал" и „квалитетот на институциите изразен преку нивото на корупција". Резултатите од истражувањето недвосмислено ја подврдуваат силната сигнификантна врска помеѓу индикаторите кои ги тестиравме во однос на економскиот раст и (нивото на доход) животниот стандард.

**Лазаров, Дарко и** Николоски, Круме (2011): Неокласична теорија на егзоген раст (модел на *Solow и Swan)*. Годишен зборник 2011. ISSN 1857-76-28

Основна цел на трудот е да се одговори на прашањата зошто некои земји се побогати од други, или зошто некои земји растат со поголема стапка на раст од други, преку развивање на неокласичниот модел на Solow и Swan. Моделот на Solow и Swan разликува две можни причини за варијациите во производството по работник, во различни временски периоди или во различни делови од светот: разлика во капиталот по работник и разлика во ефективноста на трудот.

Резултатите од емпириската анализа направена за период од 1960-2000 година за група од 112 земји покажува дека просечната стапка на раст е 1.8%, додека стапката на инвестиции 16%. Од друга страна анализата покажува дека Африканските земји растат со просечна стапка од 0.8%, додека инвестициската стапка изнесува 10%. Понатаму студијата покажува дека земјите од Источна Азија познати како „азиски тигри" имаат просечна стапка на раст од 4.9%, и стапка на инвестиции од 25%. Овие резултати укажуваат на недвосмислена позитивна меѓу зависност помеѓу стапката на инвестиции и стапката на економски раст. Сепак, дополнителните анализи укажуваат дека стапката на инвестиции не може во целост да ја објасни разликата во стапката на растот помеѓу земјите.

**Лазаров, Дарко** и Фотов, Ристо and Јошески, Душко (2011): *Емпириска анализа на Solow-Swan моделот на раст.* Годишен Зборник 2011. ISSN 1857-76-28

Трудот претставува обид за емпириско тестирање на Solow-Swan моделот на раст. Глваната претпоставка на која се базира истражувањето е дека оние економии кои се наоѓаат во сотојба кога вредноста на капиталот по работник е под вреноста во т.н steady-state состојба ќе растат, но единствено по транзиционата патека се додека не го достаигнат steady-state. Од друга страна, ако економијата е над steady-state нивото, тогаш, капиталот и аутпутот по глава на жител ќе бележат тенденција на опаѓање, што укажува на ефектот на конвергенција.

Трудот е објавен во Годишниот зборник (2011) на Економски факултет - Штип. ISSN 1857-76-28

**Лазаров, Дарко** (2010) Други инструменти на надворешно трговската политика. Годишен зборник 2010 - Yearbook. ISSN 1857-76-28

Трудот е систематизиран во два дела. Прввиот дел ги елаборира неконвенционалните инструменти на надворешно трговската политика: субвенции за одредени трансакции, легално ограничување на вредноста или обемот на одреден увоз (доброволно извозно ограничување), Условување за одредено учество на локални компоненти, увозни квоти и други мерки и инструменти. Вториот дел обезбедува рамка за анализа на ефектите од примена на инструментите и мерките на надворешно трговската политика. Резултатите укажуваат дека одделни мерки имаат различни ефекти за националната економија во зависност од структурата на земјата, извозните перформанси и временски момент кога истите се применуваат.

Трудот е објавен во годишниот зборник (2010) на Економски факултет - Штип. ISSN 1857-76-28

**Магистерски труд:**

**Лазаров, Дарко** (2009): Сиромаштија, нееднаквост и квалитет на живот во Република Македонија. Магистерски труд, Универзитет „Св. Кирил и Методиј», Економски институт - Скопје.

Магистерскиот труд ги елаборира прашањата на сиромаштијата, нееднаквоста во дистрибуција на доходот и концептот на човековиот развој со посебен фокус на Република Македонија. Актуелноста на темата произлегува од се поголемото внимание кое му се посветува на човековиот развој во развојната економија, но уште повеќе од проблемот на сиромаштија и квалитет на живот со кои се соочува Република Македонија.

Република Македонија како земја која се соочува со релативно висока стапка на сиромаштија и низок животен стандард е исправена пред предизвикот за креирање и целосно имплментирање на национална стратегија за намалување на сиромаштијата и зголемување на благостостојбата на граѓаните која подразбира сет на конкретни мерки и активности за

решавање на овие проблем. Економскиот раст проследен со поголема партиципација на луѓето преку вработување со сите индикатори кои го чинат човековиот развој вклучувајќи го животниот стандард и квалитетот на живот треба да одговорат на предизвикот пред кој е соочена нашата земја во иднина.

**Докторска дисертација:**

**Лазаров, Дарко** (2014): Анализа на детерминантите на динамиката на македонската економија во контекст на институционалната економија и новата теорија на раст, Докторска дисертација, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Економски факултет - Скопје.

Докторската дисертација е разработена на 353 страници текст и се состои од вовед, осум поглавја систематизирани во два дела, заклучни согледувања и користена литература.

Истражувањата во рамките на докторската дисертација концептуално и методолошки се сместени во рамките на новата теорија на раст, збир релевантни идеи и концепти кои ги маркираат доминантните теориски пробиви во централната струја од еволуцијата на теоријата на економскиот раст, и пошироко, во целината на економската наука, во последниве децении. Новите теориските концепти мобилизираат интензивни истражувачки напори во академската професија во светот и сериозни обиди за емпириска верификација на централните постулати и практични економски импликации за економските политики. Во суштина се работи за потрага по објаснување на централните детерминанти, механизми и ограничувања на растот. Во таа смисла трудот целосно кореспондира, и е на линијата на новите достигнувања во оваа област, што го карактеризира истиот како модерен, актуелен и релевантен.

Со примената на комплексна квантитативна апаратура, алгебарски, нумерички и економетриски техники и сопствени приспособувања на одделни секвенци во калкулативните алгоритами, кандидатот демонстрира висок истражувачки капацитет. Авторот оди подалеку од чисто академските презентации и резонирања, преку обид да понуди научно базиран водич за креаторите на економските политики, во дизајнирање на оптимална стратегија на раст заснован на скенирање, идентификување и анализа на факторите што влијаат ограничувачки врз растот на македонската економија. Во истражувањето авторот користи математика на раст во моделирање на ендогените модели на раст, сметководство на раст во анализа на изворите кои го детерминираат економскиот раст, панел - регресиска анализа (метод на фиксни ефекти, метод на случајни ефекти и генерализиран метод на моменти) како релевантна и верифицирана аналитичка и методолошка подлога.

Сериозниот приод во проучувањето и декомпонирање на прашањето за потенцијалните ограничувачки фактори на растот на македонската економија му овозможил на кандидатот да ги анализира финансискиот сектор, човечкиот капитал, иновациските перформанси, инфраструктурата, макроекономските перформанси, како потенцијални генератори на макроризици и институционалните слабости како потенцијален генератор на микроризици, низ призмата на економскиот раст. Пристап на идентификување и утврдување на тесните грла создава можност за дизајнирање на оперативна рамка во процесотна креирање на стратегија која ќе го промовира и динамизира економскиот раст во Република Македонија во наредниот период. Таквата стратегија подразбира фокусирање на реформите и на политиките врз елиминирање на дијагностицираните слабости кои генерираат најсилни дисторзивни ефекти за економскиот раст на земјата.

* * *

Врз основа на направената детална поединечна евалуација на научноистражувачките и наставно-педагошките активности на кандидатот д-р Дарко Лазаров реализирани во изминатиот период, комисијата може да констатира дека кандидатот д-р Дарко Лазаров со својот целосен наставно-образовен ангажман како асистент на Економски факултет - Штип во областа економска теорија  има значаен придонес во успешно реализирање на наставната програма на предметните дисциплини за кој бил задолжен, и уште повеќе публикуваните наставни и учебнички помагала придонесува за зголемување на квалитетот на наставниот материјал во областа.

Објавените квалитетни научни трудови во меѓународни списанија и публикации, учествата на домашни и меѓународни научни конференции и стручни собири, учествата на реномирани меѓународни летни школи, реализираните меѓународни студиски престои и другите научноистражувачки активности се доказ дека д-р Дарко Лазаров има релевантен научноистражувачки капацитет и потенцијал да продолжи во градењето и успешниот развој на својата научна кариера на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, како доцент во областа економска теорија.

***Стручно - апликативна и организациско - развојна дејност***

Кандидатот д-р Дарко Лазаров учествувал на неколку меѓународни и стручни собири во земјата со сопствени излагања и презентации.

Смковарска, Марија и **Лазаров, Дарко** (2013): *Анализа на енергетскиот сектор во Република Македонија.* 8. Советување, Мако Cigre, 22-24 Септември 2013, Охрид, Македонија.

Целта на трудот е емпириска анализа на енергетскиот сектор на Република Македонија во однос на земјите во регионот со цел да се интерпретираат каузалната врска помеѓу квалитетот на енергетската инфраструктура, конкретноста на земјата и БДП per capita. Паралелно со тоа, емпириската анализа ќе ги идентификува потенцијалните недостатоци и тесни грла што во иднина треба да бидат приоритет за земјата и клучните субјекти во овој сектор, се разбира имајќи ја предвид улогата на државата. Хипотезите кои погоре се интерпретирани ќе бидат анализирани со користење на база на податоци за апроксимативни варијабли со помош на повеќе техники и методи. Клучни зборови: енергетска ефикасност, БДП по глава на жител, производство и потрошувачка на електрична енергија, корелациска и регресиона анализа.

Трудот е презентран и публикуван во зборникот од меѓународниот стручен собир организиран од Мако Cigre - 2013.

**Lazarov, Darko** (2013): *The quality of institutions and economic growth (Panel regression analysis for sample of CEE countries in time series 1992-2007 and 2008-2011).*Russian Summer School on Institutional Analysis, 29 June-5 July 2013, National research University, Higher School of Economics.

Цел на трудот е анализа на влијанието на институциите врз економските перформанси квантифицирани преку економскиот раст и нивото на доход по глава на жител. За таа цел, применета е панел регресиона анализа за група на земји од ЦИЕ во транзициониот и посттранзициониот период. Фактот што институциите преставуваат повеќедимензионален концепт ја наметнува потребата од адекватно квантифицирање на различните аскекти инкорпорирани во рамките на институциите. Авторот во трудот користи економетриска техника наречена principle factor component analysis со цел креирање на репрезентативна и вердостојна варијабла која ќе се однесува на институциите. Естимираните резултати кои произлегуваат од тестирање на економетриските модели креирани во овој труд укажуваат дека постои силно позитивна и статистички сигнификантна корелација помеѓу институционалниот капацитет и економскиот раст. Заклучокот од истражувањето вотрудот одвиво насока дека транзиционитеземји кои успеаледа изградат квалитетен исnтитуционален апарат забележале значајни економски реузлтати во однос на земјите од ЦИЕ, кои значително заостануваат во процесот на реализирање на институционални реформи и интегрирање кон ЕУ стандардите.

Трудот е презентран и публикуван во зборникот од меѓународниот стручен собир: "Russian Summer School on Institutional Analysis" - 2013, National research University, Higher School of Economics.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложената документација, Комисијата констатира дека на распишаниот Конкурс за избор на наставник за сите звања за научната област економска теорија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип се пријави кандидатот д-р Дарко Лазаров.

Кандидатот д-р Дарко Лазаров ја има поднесено комплетната документација пропишана и наведена во Конкурсот. Комисијата врз основа на разгледаната документација може да констатира дека д-р Дарко Лазаров ги исполнува сите условите согласно со Правилникот за критериуми и постапка за избор на наставно-научни, научни и наставни звања и Законот за високо образование (доктор на економски науки во соодветната научна област, потребен просечен успех на прв и втор циклус студии, како и потребните трудови во меѓународни списанија и публикации).

Врз основа на проучување и проверка на целокупната документација за научноистражувачката, наставно-образовната и стручно-апликативната активност на кандидатот, Комисијата констатира дека кандидатот д-р Дарко Лазаров покажува постојан и прогресивен развој во професионалната научна кариера. Перманентниот интерес за научноистражувачка работа на кандидатот се потврдува со неговите објавени меѓународни книги, научни и стручни трудови во меѓународни списанија и публикации, реализирани студиски престои во странство, публикувани наставни помагала, активно учество во наставно-образовниот процес на факултетот и учество на меѓународни конференции и собири. Научноистражувачката работа на кандидатот е континуирана и ја потврдуваат неговата ориентација за системски пристап кон непосредната и пошироката научна област и проблематиката, што се однесува на предметот за којшто кандидатот конкурира. Искуството во наставно образовниот процес што се огледа во стручно, професионално и совесно реализирање на сите наставно образовни активности на факултетот во целиот изминат период ја потврдува неговата ориентација да продолжи да ја гради својата кариера во академската фела.

Имајќи го предвид досега изнесеното, Комисијата оценува дека д-р Дарко Лазаров ги исполнува предвидените законски и други услови и има чест на Наставно - научниот совет на Економскиот факултет да му предложи **кандидатот д-р Дарко Лазаров да го избере во наставно-научно звање доцент за наставно - научната област економска теорија**.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Гоце Петрески – претседател, с.р.**
**Проф. д-р Трајко Славески – член, с.р.**
**Проф. д-р Круме Николоски – член, с.р.**

**Табела**

**за вреднување на активностите на д-р Дарко Лазаров, според критериумите дадени во Правилникот за избор на наставни, наставно - научни и научни звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| Ред. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| **3** | Позитивно рецензирана скрипта од предавања, збирка задачи или практикум р.бр.1, 2 | 2 | 8 | | | **16** |
| **26** | Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период на прв циклус студии) | 32 | 0,5 | | | **24** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **40** |
| **Ред. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1** | Монографија или научна книга р.бр. 24, 25, 26 | | | 3 | 15 | **45** |
| **4** | Труд со оригинални научни резултати, објавени во научно списание опфатено во (СЦИ/ЦА/останати) р.бр. 5 | | | 1 | 6 | **6** |
| **4** | Труд со оригинални научни резултати, објавени во научно списание опфатено во (СЦИ/ЦА/останати) р.бр 3, 4, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16,17, 18 | | | 15 | 3 | **45** |
| **5** | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир р.бр.19, 20, 21, 22, 23, | | | 5 | 2 | **10** |
| **10** | Одбранета докторска теза р.бр. 32 | 1 | 8 | | | **8** |
| **11** | Одбранета магистерска работа р.бр. 31 | 1 | 4 | | | **4** |
| **22** | Студиски престој во странство | | | 3 | 8 | **24** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **142** |
| **Ред. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **5** | Труд во стручно (научно-популарно) списание р.бр. 27, 28, 29, 30 | 4 | 2 | | | **8** |
| **6** | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир р.бр. 34 | | | 1 | 3 | **3** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **8** | Учество на стручен собир со реферат (постер/усно)<br>р.бр. 33 | 1 | 0,5 | | | **0,5** |
| **28** | Член на факултетски орган, комисија | 4 | 2 | | | **8** |
| | | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | **19,5** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **201,5** |